Пат за Бутан

Пајо Авировић

Изданието е објавено со поддршка од:



Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам

БИБЛИОТЕКА – **Наше маало**

Главен уредник
Филип Димевски

© Пајо Авировиќ, 2026
© Бегемот, 2026

Лектура
Ирена Ралева

Компјутерска обработка
Бегемот

Графичко уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување делови или целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Пат за Бутан

Пајо Авировиќ



Скопје, 2026

Јас е Другиот
Артур Рембо

На Маријана

СОНОТ ЗА БУТАН

Јане, го утнавме патот, му реков.

Најпрво помислив дека не ме заушил. Неговата стара шкода секако испушташе чудни звуци, тој загледан напред, веројатно и него го фаќа јанsa што сме заталкале, можеби ќе треба да му повторам. Јане, го утнавме патот. Тој, в миг, малку и како да се заврти кон мене, но продолжува да вози, со рамнодушен израз на лицето.

Да не се лажеме, одамна сме го утнале патот, капиши – ми вели. Белки не е дека ти дури сега скапиши?

Ме обзеде некое непријатно чувство. Тргнавме на море, а сега се наоѓаме во некоја недојдија, без патокази и друга сигнализација. Шкодата се движи по еден тесен и кривулест асфалтиран пат, кој на одредени места преоѓа во калдрма.

Требаше да возиме по Јадранската магистрала, му велам. Е, многу работи требаше, да не се лажеме... – вели и продолжува да вози.

Во еден миг, пристигнуваме пред еден објект во изградба, среде пустелијата, камен и крш наоколу, сцена како од оние холивудски филмови кога, по

долго возење по пространствата на американскиот Среден Запад, уморниот возач ќе стигне пред некоја дрвена куќа што истовремено е и бензинска пумпа и гостилница и мала продавница и конак и единствен знак на живот стотина километри наоколу.

Да, и можен извор на опасност.

Стигнавме, рече Јане и го паркираше автомобилот. Кај сме стигнале, по ѓаволите, си велам, но си молчам. Откако замина во пензија, Јане како да не е со сите. Мајка му, старата тетка Зага, му вели: како стареш, така будалееш. Се прашувам, тоа ли ќе е судбината на сите изработени државни службеници? Не знам. Ќе дознам за пет години. Ако дочекам.

Нè пречека еден средовечен маж, со бела коса и брада, облечен како фармер. Се изгушкаа со Јанета, очигледно се познаваат. Ликот зборува на наш јазик. Ништо чудно, нашинци никнуваат и каде што нема да ги посадиш. Зошто не и во оваа пустелија?

Човекот ми подава рака, љубезен е, ми се обраќа со насмевка, небаре се знаеме со години. Ми се претставува. Рече некое име што не го заушив веднаш, но кое ме наведе на смеење. Јане ме претставува: ова ми е пријателче, Пајо Авировиќ, вели. Нашиот домаќин ме загледува, ги ококорува очите, повторно ми подава рака, па ме повлекува кон себе со намера да ме прегрне. А јас се гадам од прегрнувања со мажи, особено со брадести. Пајо Авировиќ, воодушевено извикува фармерот во пустелијата. Конечно и да се запознаеме, иако јас ве познавам. Дури ве имам и споменато во мојот роман. Вие сте писателот што не пишува поезија во недела, така?

Јас воопшто не сум писател, брадест натрапнику, посакувам да му кажам. Јас сум ебен државен

службеник пред крајот на работниот век, кој пишува само безимени бирократски белешки без каков било интерес и значење. И чека пензија, фрлен и заборавен во некој ќош на споредните коридори на државната администрација, како многумина пред мене. Вистина, ми се случи пред дваесет години да напишам роман, добив дури и една престижна литературна награда, претпоставувам повеќе и како поттик за натамошно пишување, ама од тогаш – ништо. Или речиси ништо. Тапа Џонсон. А песната „Нема поезија во недела“ не е ништо друго туку себеоправдување за непишување – воопшто. Ни во недела, ни на празник, ни на делник.

Нели ќе одеше во Бутан, го прашува Јане. Во Бутан сум, одговара нашиот брадест домаќин. Ме полазија морници. Овој е или луд, или нам ни се случува нешто необично. Бутан е во Азија, под Хималаите; ние тргнавме на море, на нашето некогашно, Јадранско Море; заталкавме во некоја карпеста недојдија и налетуваме на некој налудничав нашинец, кој ме знае по некоја моја песна што и јас сум ја заборавил и нè убедува дека сме – во Бутан.

Каде ти се принцезите, продолжува Јане со прашањата. Ги испратив на море, нека уживаат малку, јас имам работа со магаријата тука, да подзавршам, па ќе им се придружам. Патем, сакате да се напиете млеко? Или сте сепак за ракија? Ќе ви донесам и едно и друго.

Наскоро се враќа, на послужавникот носи две чокањчиња ракија, две шолји млеко и два колача. Ова е колач од рогач, вели. Домашен, јас го правев. Патем, писателу, ми се обраќа, еве ти го романот во кој те споменувам, сосе тоа поезијата што не ја пи-

шуваш во недела. Ако ти се допадне, слободно објави го, под свое име. Јас го пишував за една душа и за четири очи. Веќе не ми треба.

* * *

Ти го раскажувам сонот, во сабота наутро, додека пиеме кафе и ги чекаме Јане и Ема да дојдат и да нѐ соберат. Одиме заедно на годишен одмор, на Јадранско Море. По предлог на Ема, одиме на слепо, не знаеме точно на кое место – од Дубровник нагоре, предложи Јане – ниту, пак, имаме резервирано некаде.

Ме плашат патувањата на слепо, без јасно прецизирана дестинација и однапред подготвен план. Девица во хороскоп, државен службеник. Сѐ мора да биде однапред испланирано. До најситниот детаљ. Вака, на слепо, којзнае каде ќе те одведе патот.

Куферите се полни. Сѐ и сешто има внатре, вклучително и три-четири книги од кои, како и на секој одмор, нема да прочитам ниту една.

Што велиш за сонот, те прашувам. А што да ти кажам, одговараш: две стари дртала посакале да одат на море без жените и стигнале до чоканче ракија. А магарешкото млеко и колачот од рогач (кој беше навистина вкусен), те прашувам. Е, за тоа ќе треба да консултираш некој професионален толкувач на сништа, се смееш.

Ми ѕвони мобилниот. Јане. Ајде, долу сме, да не се лажеме, подготвени сме за патешествие. Земи само едно шише да ни се најде попат, за дезинфекција, капиши?

Ги земам куферите и тргнувам кон вратата. Твојот глас ме враќа. Си го заборави сонот, ми велиш.

Каков сон, што ти е, дај побрзај, нѐ чекаат луѓето долу. Ми подаваш еден голем дебел коверт. Што е ова, те прашувам. Сонот, твојот сон. Луда жена. Често и ти ми ја цитираш тетка Зага како му вели на Јанета: синко, како стареш, така будалееш.

Што би требало да ти кажам сега?

Го земам ковертот, веќе е отворен и го гледам ракописот. На насловната страна пишува: „Пат за Бутан“. Автор: Југ П. Азизин.

Не, ова не е можно. Ова е истиот ракопис што оној обелен, брадест лик во недојдијата карпеста ми го даде и дури ми рече дека можам и да си го објавам, под мое име, кога веќе дваесет години не сум напишал ништо. Или речиси ништо.

Но тоа беше во сон. Ти го раскажав сонот утринава, пред малку, со кафе, додека ги чекавме Јане и Ема. Еве, Јане пак ми ѕвони; ова е јаве, по ѓаволите, еве, мобилниот ѕвони, на дисплејот пишува „Јане Напиши“, а ние одиме на годишен одмор.

Што е ова, те прашувам вџашено.

Твојот сон, ми одговараш. Човек треба секаде да си ги носи своите сништа. Морето не е исклучок. Ајде, побрзај, извади ги оние книги што секако нема да ги прочиташ и што само ти тежат. Патем, ќе ми ослободиш место за камчињата што ќе ги соберам на плажа...

Што ќе правам со ова, те прашувам веќе избезумено, мавтајќи со дебелиот коверт со ракописот.

А што се прави со сон, ми одговараш прашално. Сонот се сонува. Еве, ти можеш и да го прочиташ, та дури и да го објавиш.

А еден ден можеби ќе разбереш дека сонот се живее, будалче!